Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на [redacted] за пресадување и сечење на зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши пресадување ( корнење и повторно садење ) и сечење на урбано зеленило (останато зеленило) и тоа:пресадување на 4 (четири) дрва (2 сливи, туја и елка),како и сечење на 1(едно) дрво (дудинка) што се наоѓаат на **ул. "Коле Неделковски" бр.25** – Скопје, во рок од 30 дена од правосилноста на ова решение.
2. Пресадувањето на дрвата треба да го организира барателот под надзор на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје на локација утврдена во кординација со ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.
3. Пресадувањето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обрзува барателот , во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 1( едно) дрво , постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исеченото стебло.
5. Се задолжува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, да изготви записник за сите дејствиа предвидени во точка 1 од ова решение.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted] **- Скопје**,поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/106** од **28.02.2023** година, за пресадување и сечење на дрвата што се наоѓаат на **ул. "Коле Неделковски" бр.25 -Скопје.**

Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвата пречат при движење низ дворното место , при што е утврдено дека четири дрва се во состојба што би можеле да се пресадат, додека дудинката е во состојба ''за сечење'' , односно не постојат услови за пресадување на истата.

Согласно член 10, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површини покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Во член 14 од истиот закон стои дека подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.

Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило . Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот за урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој орган има одлучено да се изврши пресадување на четири дрва додека за едно дрво е дозволено сечење бидејќи поради состојба во која се наоѓа дрвото не постојат услови за пресадување на истото,
На барателот му е наметнато компензационо садење, за дрво, за кое е дозволено сечење.

Поради се горе наведеното овој орган има одлучено како во диспозитивот.

.
**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/106/3**
**03.04.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
Барателот
ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје
и Архива

изготвил:
______________________
**Игор Трпковски**

контролирал:
______________________
**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**

По овластување на
Градоначалникот на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

______________________

**Зоран Лапевски**